# ЕЦПР ги повикува македонските власти да прекинат со блокирање на своите граѓани да ја напуштат земјата

**Будимпешта, Скопје, 24ти Септември 2014:** Европскиот центар за правата на Ромите(ЕЦПР) испрати отворено писмо до националните и меѓународните власти, да ја изрази својата загриженост околу континуираните превентивни мерки на владата кон своите граѓани, кои не дозволуваат напуштање на државата, особено мерки кон Ромите кои беа депортирани или осомничени како потенцијални баратели на азил.

ЕЦПР истакна дека ваквите практики не се во согласност со одлуката на Уставниот Суд донесена на 25ти Јуни 2014 година, со која се прогласи дека ограничувањата на правото да се напушти сопствената земја се неуставни.

Безразлика на донесената одлука, ЕЦПР документираше случаеви каде што Министерството за внатрешни работи (МВР) донело решение за одземање на патните исправи, што е спротивно на горенаведената одлука на Уставниот Суд. Дополнително, ЕЦПР документираше нови незаконски рестрикции т.е. недозволување на депортираните граѓани да ја напуштат земјата со нивните лични карти како документ за патување, кога станува збор за патување до соседни земји (Србија). Оваа пракса, не е правична затоа што не се заоснова на судска одлука, како што е уредено според закон.

Ако македонските власти се загрижени дека македонските граѓани (особено Ромите) ќе патуваат во други земји да бараат азил или живеат и работат без дозвола, наместо да им ги ограничат фундаменталните права на граѓаните, тие треба да ги адресираат причините што ги мотивираат луѓето да ја напуштат својата земја: сиромаштијата, социјалната исклученост и повреда на нивните фундаментални права. Барањето на право на азил е фундаментално право (безразлика дали барањето ќе биде прифатено) и значителен број на баратели на азил од Македонија е индикатор кој покажува дека проблемот не може да се реши со спречување на луѓето да си ги остварат фундаменталните права.

ЕЦПР ги повикува релевантните фактори, особено Министерството за внатрешни работи целосно да ја почитуваат и придружуваат кон одлуката на Уставниот Суд, како и да ги вратат одземените пасоши на сите македонски граѓани кои беа засегнати со незаконските одредби.

Содржината на отвореното писмо е достапна на македонски и англиски.

За повеќе информации, контактирајте не на:

Sinan Gökçen
Media and Communications Officer
European Roma Rights Centre
Tel. +36.30.500.1324
sinan.gokcen@errc.org